НАРОДНА БАНКА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

10-09-2020

02 22170/1

До

Народна банка на РСМ

Скопје

Предмет : Б а р а њ е од ул.

Почитувани!

Согласно одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и тоа член 1 став 2, и член 2, Барам од насловот да веднаш во писмена форма ми го достави комплетното досие во Вашата институција од Еуростандард банка АД Скопје, комплетно портфолио за банката, сите ревизорски извештаи спроведени од Вашата институција над банката за последните три години и се што е поврзано со работењето на банката во последните три години.

Оваа документација ми е потребна за поведување на соодветни судски постапки против соодветни раководни лица во банката како и против други правни или физички лица кои ќе сметам дека се директно инволвирани во донесување на решение за отворање на стечајна постапка над Еуростандард банка АД Скопје а со кое решение сум директно или индиректно оштетен за голем износ на парични средства на име мој депозит во банката.

Сите погоре барани документи Ве молам да ми ги доставите на

Телефон за контакт:

Со почит

Скопје

09.09.2020 год.

Подносител

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), на 22 септември 2020 година, секретарот на банката како службено лице за посредување со информации од јавен карактер, донесе

## РЕШЕНИЕ

**СЕ ОДБИВА** барањето за пристап до информации од јавен карактер бр. 02-22170/1 од 10.09.2020 година, поднесено од .

### Образложение

На 10 септември 2020 година, од страна на подносителот од Скопје, доставено е барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено во Народната банка под број 02-22170/1. Со барањето, барателот бара да му биде доставено во писмена форма комплетното досие на „Еуростандард банка АД Скопје во стечај“ од Народната банка, комплетното портфолио за деловната банка, сите ревизорски извештаи и се што е поврзано со работењето на банката во последните три години.

Имајќи го предвид фактот дека информациите од досието на „Еуростандард банка АД Скопје во стечај“ не се јавни информации, односно истите не се дел од листата на јавни информации кај Народната банка како имател на информации, барањето за пристап до информации од јавен карактер се одбива.

Со оглед на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр. 02-22170/2
22 септември 2020 година

Секретар на банката
м-р Маја Андреевска

**Правна поука**: Незадоволниот учесник има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
бул. Кузман Јосифовски Питу бр.1, 1000 Скопје
Телефони: 02 3108-108 (Централа)
Факс: 02 3108-357 (Централа)
**www.nbrm.mk**